Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 27.01.2019

Секторот за внатрешни работи Скопје, Одделението за имотни деликти и малолетничка деликвенција Карпош и Ѓорче Петров до надлежното Основно јавно обвинителство во Скопје поднесе кривична пријава против А.А.(46) и Х.А.(46) поради постоење на основи на сомнение дека сториле две кривични дела, „тешка кражба" предвидено и казниво по член 236 и „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем" предвидено и казниво по член 251 од Кривичниот законик на РМ, со што пријавените се стекнале со противправна имотна корист од 48.800 денари. Имено, првото кривично дело ,,тешка кражба" сторителите го извршиле на 12ти ноември минатата година на улица „Бледски Договор" кога од патничко моторно возило одзеле паричник во кој имало лични документи и банкарски картици. Потоа го извршиле и второто дело, од банкомат успешно извршиле трансакција на 47.800 денари од една од картичките кои ги нашле во паричникот и на која

имало запишан пин. По наредба од судија за претходна постапка извршен е претрес на дом и други простории при што пронајдени се предмети кои потекнуваат од кривичните дела. Пријавените се лишени од слобода.

На 26.01.2019 година во 16,45 часот на Граничен премин Ќафасан на влез во Република Македонија, при пасошка контрола на Ј.К.(50) од Р.Албанија со албанска лична карта било утврдено дека лицето евидентира во систем и има активна меѓународна потрага по него. Лицето е лишено од слобода и предадено во Полициска станица Струга за понатамошна постапка.

На 26.01.2019 година околу 15.50 часот во Гевгелија, на улица „Маршал Тито" во продавница за производи од железо настанал пожар при што вработениот Љ.А.(40) од Гевгелија починал, а со повреди се здобиле вработените А.Ј.(46), П.Д.(39), В.Б.(42), И.З.(42) сите од Гевгелија и М.Ј.(29) од село Прдејци. По укажана лекарска помош во Општа болница Гевгелија лицата се пуштени на домашно лекување. Со повреди се здобил и В.Ј.(30) од Гевгелија кој, по укажана лекарска помош е пренесен во Комплекс клиники "Мајка Тереза" во Скопје. Причина за пожарот, според првичните сознанија е експлозија на плинска боца која В.Ј. ја донел за да се монтира горилник. Од страна на Противпожарна екипа пожарот е изгаснат. Извршен е увид на местото на настанот, по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е дадено за обдукција.

На 26.01.2019 година во 09,35 час во Полициска станица Кичево С.С.(68) од село Другово. кичевско пријавил дека околу 08,00 часот во село Другово движејќи се по улица "Илинденска" била каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

На 26.01.2019 година во Полициска станица Радовиш В.Ј.(55) од Радовиш пријавила дека истиот ден околу 13.30 часот на улица "Михајло Апостолски" во Радовиш движејки се по улицата ја нападнале две кучиња скитници и ја каснале во пределот на левата нога.

На 27.01.2019 година во 04.35 часот Д.Ј.(22) од Струмица пријавил дека околу 02.15 часот додека бил со негови другар С.Б. пред угостителски објект на полоштад "Гоце Делчев" во Струмица биле физички нападнати од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.01.2019 година во 01.50 часот С.Х.(32) од село Подареш пријавил дека околу 01.40 часот на улица "22 Октомври" во Радовиш додека бил во такси возило бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2019 година во 19.15 час на улица "Христо Татарчев" во Скопје Б.П.(30) и Т.М.(50), двајцата од Скопје, го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка.Против лицата се поднесени соодветни поднесоци.

На 26.01.2019 година околу 15,40 часот пријавено е дека во спортска сала во Средното училиште "Зеф Љуш Марку" лоцирано на улица "Лазар Трпковски" во Скопје, К.Н.(34) и Г.Н.(44),двајцата од Штип, додека се одржувал боречки натпревар биле физички нападнати од повеќе лица.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2019 година околу 18.15 часот е пријавено дека на бензиска пумпа на ул. „Македонска Косовска Бригада" во Скопје две непознати лица со закана извршиле разбојништо и ги одзеле парите од дневниот промет и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2019 година во СВР Битола, Н.С.(35) од Битола пријавила дека се сомнева дека Ј.Т.(81) која живеела сама на улица „Партизанска" во Битола е почината, бидејќи не се јавува на мобилен телефон и не ја отвора вратата. По овластување на Јавен обвинител влезено е

во станот при што лицето е пронајдено починато. Смртта е констатирана од лекар од Итна медицинска помош. По наредба на Јавен обвинител телото на починатата ќе биде дадено за обдукција.

На 26.01.2019 година во 18.00 часот во Полициска станица Штип Ј.Ј.(37) од Штип пријавил дека неговите две малолетни ќерки околу 14,50 часот биле физички нападнати од малолетник од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2019 година во Полициска станица Кавадарци Р.Е.(30)од Кавадарци пријавил дека од домот се оддалечила во непознат правец неговата сопруга М.Е.(30). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 27.01.2019 година во 05,20 часот во Полициска станица Штип Д.Д.(46) од Штип пријавил дека околу 03,30 часот на улица "Панко Брашнаров" во Штип настанала расправија помеѓу неговиот син С.Д.(26) и неговата сопруга Р.Д.(34) по што С.Д. физички ја нападнал Р.Д. При обидот пријавителот да ги раздели, С.Д. физички го нападнал и него. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2019 година околу 21,05 часот во Скопје во спортската обложувалница на ул. „Маџари" две лица со закана со пиштол го одзеле дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.01.2019 во Полициска станица Чаир А.Б.(59) од Скопје пријавил дека од домот во непознат правец се одалечил А.А.(35). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)


Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)